**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# Македонски јазик
# за VII одделение

**Скопје, 2023 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Македонски јазик |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | VII (седмо) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • Јазик и комуникација<br>• Литература, творење и изразување<br>• Медиумска писменост |
| **Број на часови** | 4 часа неделно / 144 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија, печатач.<br>• Средства и ресурси за учење: фотографии, слики, плакати, постери од книжевници, шеми и прикази за наставниот материјал, паноа кои го следат материјалот по подрачја; речници, правопис, лексикони, енциклопедии, книги, едукативни софтевери, снимки од нарации, аудио – визуелни снимки;<br>• Библиотека во училница, училишна библиотека/медиотека.<br>Забелешка: Доколку наставата е кабинетска се препорачува организирање на драмско катче, уметничко-литературно катче, новинарско катче, место за библиотека во училницата. |
| **Норматив на наставен кадар** | Настава по Македонски јазик во VII одделение на деветгодишното основно образование може да реализира лице кое завршило наставна насока на студиските програми:<br><br>• Македонски јазик и книжевност VII/1 или VI А т.е 240 кредити;<br>• Македонски јазик и јужнословенски јазици VII/1 или VI А т.е 240 кредити;<br>• Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности VII/1 или VI А т.е 240 кредити; |

| | |
|---|---|
| | • Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br>• Македонска книжевност и култура VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br>• Општа и компаративна книжевност VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br>• Македонски јазик и англиски јазик (германски јазик, француски јазик) VII/1 или VI A т.е 240 кредити.<br><br>Забелешка: Лицата кои завршиле применета насока од наведените студиски групи и се здобиле со педагошко – психолошка и методска доквалификација можат да реализираат настава по предметот Македонски јазик во основното образование. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во Наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Јазична писменост**

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| I-A.1 | да ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации на својот мајчин јазик, преку различни медиуми и за различни цели; |
| I-A.2 | да познава и да користи различни форми на писмено изразување: литературни (песна, краток расказ, излагање/говор, литературен есеј, дневник и др.) и нелитературни (тематски есеј, известување, барање, соопштение, реклама и др.); |
| I-A.3 | да води критички и конструктивен дијалог, аргументирано искажувајќи ги своите ставови; |
| I-A.4 | да го користи стандардизираниот јазик, со почитување на граматичките и правописните правила при усно и писмено изразување; |
| I-A.6 | да ги идентификува основните карактеристики на мајчиниот јазик (азбука, историја, дијалекти итн.) и сличностите и разликите со други јазици; |
| I-A.8 | да разбира содржини на аудио пораки: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од пораките и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |

| | |
|---|---|
| I-A.9 | да разбира содржини на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-A.10 | да разбира визуелно прикажани содржини (дијаграми,табели и графикони, илустрации, анимации и др.): да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира визуелно прикажаните содржини и да ги објасни (писмено и усно); |
| I-A.11 | да ги идентификува и анализира пораките и стилските и естетските елементи на литературните дела; |
| I-A.12 | да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи го предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| I-Б.1 | преку изучување на мајчиниот јазик се развива сопствениот јазичен и културен идентитет, а преку јазичната комуникација се пренесува културното наследство и културата на живеење; |
| I-Б.2 | со употребата на јазикот во различни контексти и средини, и во различни форми, се овозможува ефикасна комуникација и интеракција (секогаш имајќи во предвид со кого се остварува комуникацијата); |
| I-Б.3 | преку читање текстови со различна содржина и структура се развива писменоста, се формира поширок поглед за себе и за светот и се поттикнува пишувањето од потреба и од задоволство, |
| I-Б.4 | содржината и начинот на изразување на сопственото мислење може да придонесе за одржување и за подобрување на комуникацијата, но и да предизвика недоразбирање и конфликти; |
| I-Б.5 | читањето и изразувањето на мајчиниот јазик се важни за развојот и поттикнувањето на креативноста и критичкото мислење. |
| I-Б.6 | познавањето на мајчиниот јазик е темел на учењето и стекнувањето на знаења од сите други области (наставни предмети), |
| I-Б.7 | познавањето на мајчиниот јазик е еден од најважните столбови на етничкиот идентитет. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди **Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Општество и демократска култура Техника, технологија и претпримништво** и **Уметничко изразување и култура**.

**Дигитална писменост**

*Ученикот/ученичката знае и/или може:*

| | |
|---|---|
| IV-A.1 | да ги истражува и споредува можностите на познати и нови дигитални уреди и самостојно да процени, одбере и да ги користи тие што се најсоодветни за конкретна потреба и ситуација |
| IV-A.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ, да одбере и инсталира програми што му се потребни, да користи програми за заштита и да реши рутински проблеми во функционирањето на дигиталните уреди и мрежи |
| IV-A.3 | да користи различни начини на организирање и безбедно чување и споделување на содржини на различни уреди и мрежи во дигиталното опкружување |
| IV-A.4 | во соработка со други да анализира проблем, да развие идеја и план за негово истражување и решавање и да испланира кога и за што ќе користи ИКТ |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/и се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини, и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот, |
| IV-A.6 | да избере и користи различни алатки за обработка на податоци, да ги анализира податоците и да ги претстави на различни начини почитувајќи ги правилата за користење |
| IV-A.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби, |
| IV-A.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјални мрежи, и дигитални облаци, |
| IV-A.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор, ги почитува различните учесници и ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор, |
| IV-A.10 | да се грижи за својот дигитален идентитет, безбедност и репутација и да ги почитува политиките за приватност. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава, |
| IV-Б.2 | неодговорното и неумешното користење на ИКТ има органичувања и може да носи ризици за поединецот или општеството, |
| IV-Б.3 | потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите што се достапни преку дигиталните уреди, |
| IV-Б.4 | во дигиталниот простор е важно да се обезбеди заштита на идентитетот, приватноста и емоционалната сигурност, да не се користи говор на омраза и сајбер насилство и да се почитуваат правилата и нормите на комуницирање во дигиталните заедници, |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила и за добро на луѓето, |

**Личен и социјален развој**

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| V-А.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување, |
| V-А.5 | да ги препознава емоциите кај себе си и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите, |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување, |

| | |
|---|---|
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина, |
| V-A.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби, |
| V-A.9 | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе си и по другите, |
| V-A.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешниото во сопствените и туѓите постапки и да манифестира диблесни карактерни особини (како чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина), |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата, |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените загрижи и потреби на конструктивен начин, |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите, |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите, |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и донесува рационални одлуки, |
| V-A.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење. |

*Ученикот/ученичката знае и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| V-Б.1 | грижата за сопственото тело и редовното практикување физички активности е важен услов за обезбедување физичко и ментално здравје, |
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста, |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува, |

| | |
|---|---|
| V-Б.4 | секоја постапка што ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина, |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации, |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби, |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план, |

**Општество и демократска култура***:*

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| VI-А.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува, |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.), |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација, |
| VI-А.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротиставува на него, |
| VI-А.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите, |
| VI-А.9 | да препознае ранливи групи во општеството и да учествува во и да подржува хуманитарни и волонтерски акции, |
| VI-А.17 | да го анализира влијанието на пишаните, електронските и социјалните медиуми врз јавното мислење и да избира веродостојни извори на информации врз кои ќе ги базира сопствените ставови. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| VI-Б.2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси, |

**Техника, технологија и претпримништво**

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| VII-А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот; |

**Уметничко изразување и култура**

*Ученикот/ученичката знае и/или може:*

| | |
|---|---|
| VIII-А.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| VIII-А.2 | да ги идентификува различните манифестации на популарната култура и нивното влијание врз развојот на естетските вредности, |
| VIII-А.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-А.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од другите што се припадници на сопствената или на други култури; |
| VIII-А.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| VIII-А.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност, |
| VIII-А.9 | да препознае и објасни како културата на која ѝ припаѓа (вклучително и на традицијата и религијата) влијаела на формирање на неговиот/нејзиниот идентитет и поглед на светот, |

| | |
|---|---|
| VIII-A.10 | да ги идентификува и преиспитува стереотипите и предасудите кон припадниците на другите културни групи што се манифестираат во неговото/нејзиното опкружување. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**Подрачје:** ***ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА***

**Вкупно часови: 70**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. го разбира јазикот како систем од знаци во меѓучовечко општење и прави разлика меѓу дијалектната и стандардната форма на јазикот;
2. објаснува за дејноста на Кирил и Методиј, глаголицата и кирилицата, старословенскиот јазик и македонската варијанта на старословенскиот јазик;
3. објаснува за дејноста на Климент и Наум и средновековните книжевни школи (Охридска и Лесновска);
4. го објаснува отстапувањето од едначењето по звучност;
5. правилно ги акцентира и сообразно отстапува од правилото за третосложно акцентирање кај глаголскиот прилог, прилозите за време и туѓите зборови;
6. го разбира и го објаснува значењето на граматичката категорија *број* и правилно ги применува формите за еднина и множина кај именките, видовите придавки, формите од личните заменки, како и лично-повратната заменка и лично-предметни заменки;
7. ги разликува и ги објаснува личноглаголските форми и неличните глаголски форми (л-форма и глаголски прилог);
8. правилно ги употребува преодните глаголи, како дел од директниот предмет во реченицата;
9. образува правилни форми за заповеден начин и за минато неопределено време;
10. разликува именска група и го објаснува нејзиното значење во реченицата;
11. ја знае функцијата на деловите од реченицата: прирок, предмет и прилошки определби;
12. правилно применува правописни знаци во писмената комуникација;
13. одговара на прашања, парафразира, цитира и објаснува делови од текст и текст во целина.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| **Наука за јазикот**<br>• Јазикот како систем од знаци<br><br>(природен јазик, вештачки јазик, народен јазик, дијалектен јазик, стандарден јазик; идеографско писмо, пиктографско писмо) | • Го објаснува јазикот како систем од јазични единици.<br>• Го објаснува настанокот на природниот и вештачкиот јазик.<br>• Ги објаснува главните особености на народниот јазик.<br>• Наведува по што дијалектниот јазик се разликува од стандардниот.<br>• Го препознава дијалектниот и стандардниот јазик во секојдневната комуникација.<br>• Наведува видови писма.<br>• Врши споредба меѓу идеографското и пиктографското писмо. |
| **Историски развој на македонскиот јазик**<br>• Словенска писменост<br><br>(Кирил и Методиј, глаголица, кирилица, старословенски јазик, старословенски период, црковнословенски период, Климент и Наум, Охридска книжевна школа, Лесновска книжевна школа, македонска варијанта на црковнословенскиот јазик) | • Ги опишува карактеристиките на словенската писменост.<br>• Го објаснува значењето на дејноста на Кирил и Методиј како словенски просветители.<br>• Ги препознава глаголицата и кирилицата и ги споредува според основните карактеристики.<br>• Го објаснува значењето на дејноста на Климент и Наум за развојот на писменоста.<br>• Ги наведува општите особености на Охридската и Лесновската книжевна школа.<br>• Го објаснува настанокот на старословенкиот јазик.<br>• Ги објаснува општите особености на старословенскиот период.<br>• Ги објаснува општите особености на црковнословенскиот период.<br>• Ги наведува општите особености на варијантите на старословенскиот јазик.<br>• Ги објаснува карактеристиките на македонската варијанта во однос на другите варијанти на старословенскиот јазик. |
| **Фонетика и правопис** | • Го објаснува отстапувањето од правилото за едначење по звучност. |

| | |
|---|---|
| • Отстапување од правилото за едначењето по звучност<br>• Отстапување од третосложното акцентирање<br>• Акцент на глаголскиот прилог и прилозите за време.<br>• Акцентирање на туѓите зборови | • Правилно ги пишува зборовите во кои има отстапување од правилото за едначење по звучност.<br>• Правилно акцентира и бележи со акцентен знак еднослoжни, двосложни, трисложни и повеќесложни зборови.<br>• Наведува примери на отстапки од третосложно акцентирање кај глаголските прилог и прилозите за време.<br>• Определува акцент кај туѓите зборови.<br>• Правилно го бележи акцентот кај туѓите зборови во даден текст.<br>• Правилно ги изговара туѓите зборови во македонскиот јазик. |
| **Морфологија**<br>• Видови множина кај именките (обична, избројана и збирна);<br>• Деминутиви, аугментативи-пејоративи<br>• Именски зборови<br>• Односни придавки: (присвојни придавки, материјални придавки)<br>• Заменки: кратки и долги заменски форми од личните заменки за директен и за индиректен предмет; лично-повратни и лично-предметни заменки<br>• Броеви: граматички категории кај броевите, броеви за определена и приближна бројност; форми за еднина и множина на броевите *еден и два;* бројни форми за лица<br>• Глаголи: личноглаголски форми и нелични глаголски форми (глаголска л-форма и глаголски прилог); граматичка категорија преодност (преодни и непреодни глаголи); граматичка категорија повратност | • Ги препознава формите за видовите множина кај именките (обична, избројана и збирна) и наведува примери за истите.<br>• Правилно ги образува и ги користи различните множински форми на именките.<br>• Изведува деминутиви и аугментативи-пејоративи од дадени именки.<br>• Идентификува деминутиви и аугментативи-пејоративи во даден текст и го објаснува нивното значење во контекстот.<br>• Го објаснува значењето на поимот *именски зборови* и ги наведува зборовните групи кои спаѓаат во именските зборови.<br>• Изведува односни придавки (присвојни и материјални).<br>• Ги препознава кратките и долгите форми од личните заменки и правилно ги користи при зборувањето и пишувањето.<br>• Правилно го користи надредниот знак при пишувањето на кратките заменски форми *ѝ* и *нè.*<br>• Ја препознава лично-повратната заменка во текст и правилно ја користи при зборување и пишување.<br>• Ги разликува формите на лично-предметните заменки според значењето и функцијата.<br>• Разликува броеви за определена (точна) бројност и за приближна бројност. |

| | |
|---|---|
| (личноповратни глаголи и заемноповратно глаголи); проста глаголска форма (заповеден начин), сложена глаголска форма (минато неопределено време).<br>• Прилози: значење; поделба на прилозите според значењето (за време, место, начин, степен на застапеност на глаголското дејство); форми за степенување на прилозите | • Правилно образува форми за приближна бројност.<br>• Правилно користи бројни форми за лица.<br>• Правилно образува форми за род, еднински и множински форми на броевите *еден* и *два*.<br>• Правилно ги применува членуваните форми на броевите при зборување и пишување.<br>• Ги разликува личноглаголските форми и неличните глаголски форми.<br>• Правилно образува нелични глаголски форми: глаголска л-форма и глаголски прилог.<br>• Правилно ги акцентира формите на глаголскиот прилог, според правилото за акцентирање на второт слог.<br>• Посочува примери на преодни и непреодни глаголи.<br>• Идентификува и соодветно употребува повратни глаголи.<br>• Разликува прости и сложени глаголски форми.<br>• Образува глаголски форми за заповеден начин.<br>• Образува глаголски форми за минато неопределено време.<br>• Ги идентификува и правилно ги употребува прилозите, како објаснување на глаголското дејство во реченицата.<br>• Ги разликува и правилно ги класифицира прилозите според значењето.<br>• Ги разликува прилозите за начин од формите на соодветните придавки во среден род (гласно зборува – гласно озвучување; убавото девојче – убаво црта).<br>• Правилно ги користи формите за степенување кај прилозите за начин и за количество. |
| **Синтакса**<br><br>• Именска група – поим и структура<br>• Реченица со безлични глаголи | • Идентификува именска група и ја определува нејзината структура.<br>• Прави разлика меѓу именска група и реченица.<br>• Индентификува реченица  со безличен глагол и реченица со безличен глагол со заменската форма *се.* |

| | |
|---|---|
| (со безлични глаголи; со безлични глаголи со заменската форма се)<br>• Реченица - реченични членови (глаголско-именски прирок; прост и сложен прирок; неопходни реченични членови: предмет–директен и индиректен, предлошки; прилошки определби) | • Ја објаснува (преку пример) структурата на реченицата со безличен глагол.<br>• Креира реченица со безличен глагол.<br>• Ги препознава и разликува формите на глаголско-именскиот прирок.<br>• Ја објаснува (преку пример) структурата на глаголско-именскиот прирок во реченица.<br>• Креира реченици со глаголско-именски прирок.<br>• Ги препознава и разликува формите на простиот и сложениот глаголски прирок.<br>• Ја објаснува (преку пример) структурата на простиот и сложениот глаголски прирок.<br>• Креира реченици со форми на прост и сложен глаголски прирок.<br>• Препознава и определува вид на предмет во текст/реченица;<br>• Препознава и определува видови прилошки определби во текст/реченица.<br>• Конструира примери со различните видови прилошка определба. |
| **Правопис и интерпункција**<br><br>• Употреба на правописните знаци<br>• Скратувања на зборовите: скратувања на зборовите на првата буква на зборот; скратувања на зборовите пред првата самогласка; скратувања на зборовите кои се добиваат со поврзување со цртичка на првата и последната буква или на првата буква и последниот слог | • Правилно ги употребува правописните знаци при пишување.<br>• Пронаоѓа и коригира правописни грешки во пишан текст.<br>• Наведува примери на скратување на зборови според различни правила.<br>• Правилно го применува скратувањето на зборовите при пишување. |
| • Слушање со разбирање<br>• Читање со разбирање: истражувачко читање и информативно читање | • Одговара на прашања во врска со експлицитно дадени информации во слушнат или прочитан текст.<br>• Парафразира информации/податоци од слушнат или прочитан текст користејќи сопствени зборови. |

| | |
|---|---|
| • Пишување и правење/користење белешки при читање текст | • Објаснува податоци дадени во табели, графикони, дијаграми и мапи.<br>• Креира краток извештај што содржи табели, графикони, дијаграми според конкретни барања.<br>• Креира мапа на својата околина или познат објект назначувајќи конкретни позиции.<br>• Прави белешки со клучни зборови и главни поенти од прочитан или слушнат текст.<br>• Составува резиме од прочитан или слушнат текст врз основа на претходно направени белешки.<br>• Резимира во неколку реченици (во пишана или усна форма) слушнат или прочитан текст.<br>• Цитира фрази од прочитан текст и го објаснува значењето на истите. |

**Примери на активности:**

*(Примерите главно обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат како модел за креирање нови активнсоти за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Учениците работат индивидуално и добиваат работен лист на кој има групи од гласови, групи од зборови и реченици. Секој на својот работен лист треба да направи зборови од гласовите и да ги запише, од зборовите да состави кратки реченици, а речениците да ги подреди во некој редослед кој ќе има смисла. Потоа се покренува дискусија за тоа кои елементи на јазикот можат да стојат самостојно, на кој начин се групираат и добиваат значење односно, како се поставуваат јазичните единици и како се структурира јазикот како систем од знаци. Учениците се насочуваат кон заклучокот дека јазикот е систем од знаци од единици кои се групираат.
- Учениците слушаат различни примери од употреба на говорот во неговата стандардна и во неговата дијалектна форма, пример, приказна на дијалект (со аудио снимка или со читање од наставникот), некој разговор од секојдневна комуникација, сегмент од емисија за деца каде е употребн секојдневниот говор на учениците, говор на телевизија или соопштение до јавноста, некој пасус од литературно дело и слично. Се поттикнуваат да направат разлика во употребата на јазикот во различните посочени ситуации и да посочат по што дијалектниот се разликува од стандардниот јазик и на табла ги запишуваат разликите во резимирана форма.
- Учениците се поделени во групи и играат игра детективи. Добваат работен лист со загатка за скриено богатство и имаат задача да направат декодирање на шифрирани пораки со идеографско и/или пиктографско писмо. Декодирањето се прави со помош

на шеми кои се подготвени од наставникот. Решените загатки го отвораат богатството кое се наоѓа кај наставникот. На крајот на активноста победникот го објаснува начинот на кој се споредени знаците во писмата и нивните значења.

- Учениците работат во групи со материјали кои ги обезбедил наставникот: книги и информации за дејноста на словенските просветители Кирил и Методиј. Секоја група добива различни задачи за пронаоѓање на факти од добиениот материјал: 1.подредување на биографски податоци за потеклото на браќата Кирил и Методиј; 2.податоци за образованието на браќата Кирил и Методиј, основни податоци за дејноста на браќата пред создавањето на глаголицата; 3. информации за основата на глаголицата и подготовките за Моравија, 4.значењето на дејноста на браќата Кирил и Методиј за словенската писменост. Подготвените информации се споделуваат меѓу групите по пат на техниката сложувалка, односно секој од групата во која истражувал ротира во нова група. Во новата група ќе има 4 ученици, по еден од секоја група во која се истражуваа четирите барања на почетокот. Новата група на крајот го споделува материјалот на посебен документ или плакат на кој се истакнати различните периоди/задачи за животот и дејноста на Кирил и Методиј.
- Учениците добиваат лист хартија на кој до секоја буква од глаголицата е напишана и соодветна буква од кирилицата. Од страна на учениците следува запишување на своето име и презиме со денешната кирилична азбука. Потоа од нив се бара да се обидат под нив повторно да го запишат своето име и презиме користејќи ги прво буквите од глаголицата, а потоа и буквите од кирилицата (старословенските азбуки). Своте записи ги споделуваат и заеднички ги коментираат разликите во азбуките.
- Учениците на слајд/постер/фотографија го гледаат Плаошник. Се поттикнуваат да ги кажат сите информации кои ги знаат за овој историски објект, а наставникот ги запишува информациите на таблата користејќи ја техниката грозд. На овие информации се надоврзуваат информации за дејноста на Климент кои ги споделува наставникот преку презентација. Информациите потоа учениците ги користат за креирање свој текст за Охридската книжевна школа резимирајќи ги сите информаци кои ги чуле во првот дел од часот. Напишаното се чита пред паралелката.
- Учениците самостојно читаат легенда за чудата на Наум Охридски. Слушнатото го резимираат во неколку реченици и го споредуваат со текст подготвен од наставникот во однос на биографските податоци за Наум Охридски- дејност, изградбата на манастирот и неговата работа во него. Главните информации во однос на дејноста на Наум Охридски учениците ги забележуваат и потоа ги споделуваат за да се надополнат.
- Во училницата е поставена изложба со слики од манастирот во Лесново, со факсимили од текстови кои се поврзуваат со оваа книжевна школа. Учениците ја посетуваат изложбата, а потоа читаат од електронската табла податоци за тоа од кога датира Лесновската книжевна школа и што се пишувало таму. Сите добиени информации потоа учениците ги користат да направат свој план на прочитаните содржини. Плановите со податоците се споделуваат пред учениците на крајот на часот.
- На училишната табла е нацртана временска оска каде почетна точка е 9 век, а завршна точка 18 век. Од учениците се бара на временската оска да определат од кога до кога траел старословенскиот период, а од кога до кога црковнословенскиот период.

Откако ќе го определат периодот ги изнесуваат особеностите кои го карактеризираат старословенскиот период, а потоа и податоци кои го карактеризираат црковнословенскиот период. Податоците за двата периода ги имаат на посебно подготвен материјал за кој претходно направиле белешки. Секој си прави индивидуален план за слушнатото како потсетник.

- Учениците се поделени во групи и во секоја група преку техниката Мисловна мапа се поставуваат концептите на темата *Варијанти на словенскиот јазик и Македонска варијанта на старословенскиот јазик.* Секоја група ја претставува својата мапа, а наставникот преку насочувачки прашања по секоја презентација наведува на базичните научни факти кои учениците треба да ги знаат во врска со темата.
- Учениците прават диктат. Својата успешност ја проверуваат на таблата. Грешките се бараат во одредени зборови во кои има отстапување од правилото за едначење на согласките по звучност. Секој пример се објаснува детално на таблата и се запишува правилната форма.
- Учениците работат во парови. Секој пар добива текст со намерни грешки во акцентирањето на зборовите. Задачата на учениците е да ги коригираат грешките, бележејќи го акцентот на соодветниот слог од зборовите, почитувајќи го правилото за третосложно акцентирање. Одговорите од учениците се запишуваат на табла и се поведува отворена дискусија за местото кај еднсложните, двосложните, трисложните и повеќесложните зборови.
- Учениците добиваат реченици кои ги надополнуваат според барањето за дополнување со прилошка определба за време или глаголски прилог. Пр. Кога беше таму на патување? Бев таму на патување ......*годинава*....(оваа година)... Ме погледна тресејќи се....Откако ќе ги пополнат речениците гласно ги читаат и го акцентираат секој збор забележувајќи и наведувјќи отстапки од третосложното акцентирање.
- Учениците работат самостојно. Наставникот на табла запишува реченици во кои се употребени туѓи зборови, учениците ги детектираат туѓите зборови и ги изговараат. Наставникот инсистира на бележење на акцентот преку изговорот и слушањето на учениците. По запишувањето/бележењето наставникот им пушта звучен запис со правилен изговор на туѓите зборови запишани на табла. Учениците од групите внимателно го слушаат изговорот на зборовите од звучниот запис и доколку имаат грешки во бележењето на акцентскиот знак, поправаат.
- Учениците работат во групи. Секоја група добива наставен лист со текст во кој има именки во еднина и во множина. Учениците ги пронаоѓаат именките во множинска форма од текстот и презентираат. Потоа наставникот поттикнува дискусија избирајќи за споредба именки со различни видови множински форми. На крајот се дава објаснување за видовите множина кај именките и нивните наставки, а групите имаат задача да ги класифицираат споменатите именки според видовите множина (обична, избројана и збирна) во табела која е поделена во три колони и пишуваат реченици со нив. Презентираат од табелата.
- Учениците работат во групи. Секоја група добива текст. Учениците имаат задача да го прочитаат текстот и да ги пронајдат именките со кои се искажува нежност, галовност или мала димензија на предмет, објект, растение, животно и именките кои се

поврзуваат со големата димензија на предметите, суштествата и појавите. Ги подредуваат во табела поделена во две колони – аугментативи и деминутиви. Ги потцртуваат со црвено наставките со кои се образува аугментатив или деминутив. Наставникот на табла пишува неколку именки од кои учениците образуваат деминутив и аугментатив. Ги презентираат примерите.

- Учениците добиваат текст со задолжение да ги пронајдат односните придавки (присвојни и материјални). Откако ќе ги пронајдат и издвојат односните придавки од останатите придавки, учениците со секоја односна придавка формираат по една реченица. Учениците ги читаат речениците на глас и дискутираат за употребата на соодветната односна придавка.
- Учениците работат во парови. Секој пар добива работен лист во којшто треба да се дополнат речениците со соодветни кратки/долги форми од личните заменки. Примерите со реченици содржат реченици кои се соодветни за учениците и релевантни на нивната стварност. Учениците ги читаат примерите пред соучениците и воочените грешки заеднички се поправаат.
- Учениците добиваат краток текст во чија содржина се испуштени кратките заменски форми *ѝ* и *нè*. Нивна задача е да ја запишат соодветната кратка заменска форма во текстот, користејќи го надредниот знак. Наставникот им го презентира текстот со точна употреба на кратките заменски форми *ѝ* и *нè* и соодветна примена на надредниот знак, а учениците го споредуваат својот текст со презентираниот текст од страна на наставникот и по потреба коригираат.
- Учениците работат во групи. Секоја група добива наставен лист со неколку реченици. Учениците ги подвлекуваат броевите во речениците и разговараат за нивната употреба во реченицата: изразување точно или приближно бројно количество. Наученото го споделуваат преку сооветни примери со правилно употребени броеви.
- Учениците работат во парови. Секој пар добива работен лист со илустрација на лица од машки род со определена бројност кои извршуваат некаква активност/дејство и илустрација каде е претставена една група која патува некаде, а во која има само едно лице од машки род. Учениците треба да напишат по две реченици за секоја илустрација, внимавајќи на употребата на бројните форми за лица. Со примена на насочувачки прашања наставникот ги слуша презентираните примери на учениците, дава повратна информација за нивната правилна, односно неправилна употреба, ставајќи го акцентот на наставките*-ица*, *-ина* и *-мина*.
- Учениците се поделени во групи. Влечат ливчиња на кои има напишано личноглаголски форми и нелични глаголски форми. Секоја група има насока да направи споредба на глаголските форми кои ги извлекла и да напише по еден пример со нив. Секоја група презентира и дискутира за своите примери, а прашањата од наставникот по секоја презентација ги наведува учениците на заклучоци за разликите меѓу неличните глаголски форми и личноглаголските форми (форми/наставки и употреба).
- Учениците добиваат задача да напишат примери за одредени илустрации, но притоа да внимаваат да користат ист вршител на дејство, а прикажаните дејства да се одвиваат паралелно. (Доколку учениците даваат примери каде двете дејства се изразени со личноглаголски форми им се дава пример со употреба на глаголски прилог). Напишаните примери се споделуваат на таблата

и се дискутира за нив. Учениците сами ја откриваат *формулата* за образувањето на глаголскиот прилог и неговата примена во реченицата, за истото изработуваат план кој заеднички го запишуваат на таблата.

- Учениците добиваат листа со глаголи, избираат примери од нив и создаваат реченици употребувајќи го глаголот, но со некоја наставка -л, -ла, -ло, -ле. Ги читаат примери со глаголска л-форма и дискутираат кои од глаголите какви се по вид и дали тоа влијае во создавањето на л-формата, а потоа преку насочувачки прашања доаѓаат до заклучокот кога во реченицата се користи глаголската л-форма и зошто истата е нелична глаголска форма.
- Учениците работат во пар, си задаваат задолженија еден на друг: Донеси ми вода! Подај ми го моливот! Затвори врата! Не ме гледај! Речениците ги запишуваат на табла и дискутираат за нивната намена. Заклучуваат дека во македонскиот јазик постои заповедна форма и го посочуваат начинот на кој истата се прави.
- Учениците имаат задача да напишат текст од неколку реченици во кој ќе употребат пет глаголи, но да внимаваат времето да биде неопределено кога се случува дејството. Пр. Сум шетала по цели денови низ плажата. На крајот за учениците се насочуваат дискусиите за употребата на минатото неопределено време, како се гради и каде и кога се употребува.
- Учениците работат во пар на работен лист во кој има примери за прилозите и нивната употреба. Прилозите се на едната страна на листот, а останатиот дел од реченицата во друга колона. Ги поврзуваат и потоа секој кажува пример по аналогија на дадениот. Наставникот ја завршува активноста со насочена дискусија: какво место имаат прилозите во реченицата, колку тие ја менуваат или дообјаснуваат смислата на реченицата. Заклучоците се запишуваат на таблата.
- Учениците добиваат илустрации или гледаат фотографии и запишуваат по една именка за секој пример. Потоа добиваат задача да ја објаснат и да ја дополнат именката со некој број, потоа со некоја придавка, потоа со некоја заменка и слично. Добиениот пример го надополнуваат со дејство-глагол и формираат реченица. Споредуваат: првиот почетен збор-именката, групата зборови околу првиот зададен збор – центар и целата реченица. Ги согледуваат разликите во елементите на јазикот и заклучуваат што и зошто треба да се усогласи во реченицата, кои делови се независни...Полека стигнуваат до заклучокот за именската група како преоден елемент меѓу зборот и реченицата.
- Учениците добиваат повеќе примери: *Грми. Сека. Му се спие. Овде се произведува*. Имаат задача да го најдат прирокот и вршителот на дејството. За секој од примерите разговараат кој е вршителот на дејството, го има или не...и заклучуваат дека во примерите прирокот не отвора место за подмет и ги дефинираат безличните реченици. На крајот секој ученик се обидува да даде сопствен пример.
- Учениците добиваат два примера, во едниот е употребен прост глаголски прирок, а во другиот пример сложен глаголски прирок. Учениците за задача имаат да ги подвлечат прироците во двата примера и да ја објаснат структурата на простиот и сложениот глаголски прирок (разговараат за тоа како може да биде претставен простиот глаголски прирок и од колку глаголи се состои

сложениот глаголски прирок) На крај учениците самостојно креираат по еден пример во кој е содржан простиот и еден пример во кој е содржан сложениот глаголски прирок и истите ги презентираат пред соучениците од паралелката.

- Учениците работат во парови. Секој пар добива работен лист каде се запишани по две реченици кои содржат глаголско-именски прирок Учениците за задача имаат да ги подвлечат прироците во двата примера и да ја објаснат структурата на глаголско-именскиот прирок (разговараат за тоа како може да биде претставен глаголско-именскиот прирок, од колку елементи се состои глаголско-именскиот прирок, што претставува глаголот – копула и кој глагол најчесто се јавува во улога на глагол – копула). На крај учениците самостојно креираат по една реченица која содржи во својот состав глаголско-именски прирок. Се дискутира за презентираните примери и се запишуваат заклучоците.
- Учениците пишуваат примери – реченици во кои треба да има покрај подмет и прирок и дел од реченицата врз кој се врши глаголското дејство. Откако ќе ги напишат речениците, наставникот го споделува објаснувањето за предметот како дел од структурата на реченицата. Се пишуваат примери на таблата и се проверува дали предметот во секој реченица е точно определен од учениците и на кое место е најчесто тој во зборoредот.
- Учениците пишуваат реченици следејќи ги прашањата: *кого/што* и *кому* кои ќе ги поврзуваат со реченичниот член предмет. *Го видов Петре. И се јавив на Маја. Ме повикаа и мене на роденденот. Ја пресече тортата со ножот.* Ги препознаваат видовите предмет во реченицата и го објаснуваат секој пример поединечно.
- Учениците добиваат задача да напишат примери во кои треба има информации каде, кога, како и колку се врши глаголското дејство во реченицата. Пример: *Марија пишува домашно на масата. Лука беше надвор цело попладне. Лиле отиде десно по патот. Марјан возеше внимателно и си потпевнуваше.* Секој од наведените примери се објаснува на таблата при што одредената прилошка определба повторно се употребува од следниот ученик во нова реченица.
- Учениците работат во групи. Секоја група добива по два наставни листа. Во едниот наставен лист се наоѓа текст со правилна употреба на правописните знаци, а во другиот наставен лист се наоѓа текст со намерни грешки во однос на употребата на правописните знаци. Учениците од групите добиваат задача да ги пронајдат и подвлечат сите правописни знаци од двата текста. Секоја група дискутира за правилната, односно неправилната употреба на правописните знаци и истото се резимира во форма на заклучок. Групите го презентираат сработеното, даваат соодветни појаснувања за правилната, односно неправилната употреба на правописните знаци и истовремено учениците добиваат можност да ги коригираат сопствените грешки и грешките на оние кои презентираат.
- Учениците се поттикнуваат на дискусија за да направат мала листа на зборови кои ги скратуваат во пишувањето или пак требало да употребат скратување во формално или неформално обраќање. Потоа со помош на насочувачки прашања и кратки објаснувања доаѓаат до правилата поврзани со скратувањето на одредени зборови, а потоа ги посочуваат зборовите кои почесто подлежат на скратување. Истото го поставуваат на таблата како најчесто употребувани примери. Од посочените примери на

таблата учениците составуваат реченици во кои се отсликува правилното скратување на зборовите. Неколку ученици ги запишуваат примерите на таблата и даваат појаснување за конкретното скратување на употребениот збор во реченицата.

- Учениците слушаат соопштение за претстојните активности во училиштето, бележат и ги споделуваат експлицитние иноформации.
- Учениците слушаат/читаат текст за природен феномен. Го поедноставуваат тектот со свои зборови и го споделуваат.
- Учениците го читаат полугодишниот извештај за успехот на паралелката претставен во пити и дијаграми, ги разговараат и појаснуваат податоците кои ги следат споделени на умната табла. Резимираат заеднички за сѐ што слушнале.
- Учениците се поделени во група и истражуваат меѓусебе колкумина минатата година ги прочитале лектирите, колкумина ги прочитале половината од лектирите или пак само една лектира. Во секоја група се органзираат кој ќе пишува наратив, кој ќе ги претставува податоците во пита или графикон. Сработеното се споделува.
- Учениците се поделени во група и симулираат состојба пред евентуална можна природна непогода. За планирање на евакуација потребна е мапа на првиот кат на училиштето, мапата ја изработуваат по насоки од наставникот, со легенда и споделуваат бирајќи ја најуспешната односно најјасната.
- Учениците добиваат текст поврзан со тема која се изучува по некој предмет, се поделуваат во групи и секоја група има разлини задачи: да најде и толкува клучни зборови, да најде и толкува важни фрази, да го резимира текстот во неколку важни реченици. Сработеното се споделува пред паралелката.

**Подрачје:** ***ЛИТЕРАТУРА И ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ***
**Вкупно часови: 59**

**Резултати од учење:**
Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. разликува и анализира авторски текстови и текстови од народното творештво (легенди, преданија, поговорки, пословици, благослови, здравици, хумористични приказни, анегдоти);
2. анализира епски песни преку нивните карактеристики;
3. разликува видови прозни текстови (приказна, анегдота, расказ, роман) и ги анализира според карактеристичните елементи;
4. ја анализира структурата на лирските песни и да препознава стилски фигури во песните (метафора, хипербола, апострофа, градација, рефрен);
5. идентификува карактеристики на драмски текст;
6. прераскажува текстови, раскажува настани, усно и писмено, хронолошки и ретроспективно;
7. пишува текст на дадена тема, на непозната тема и на тема по избор, почитувајќи ги правилата за композиција на текст и правописните норми;

8. опишува ликови од литературни дела и личности, места конкретни и замислени.
9. разликува креативно и пишување поткрепено со факти, податоци и информации и составува кратки текстови од два вида.

**Ученикот/ученичката ќе:**

1. развива свесност за потребата од читање литерурни дела;
2. разбира и прифаќа дека креативно мислење и пишување се развива преку читање и изразување.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| **Народна литература**<br><br>• Преданија и легенди (мит, легенда, предание, реалистична приказна, фантастична приказна)<br><br>• Кратки фолклорни видови (пословици, поговорки, благослови, здравици, пораки и желби)<br><br>• Хумористична приказна<br><br>• Анегдоти | • Ги набројува карактеристиките на преданијата и легендите преку конкретни примери.<br>• Споредува легенди и преданија според нивните карактеристики и наведува примери.<br>• Прави разлика меѓу мит, легенда, предание, реалистична и фантастична приказна.<br>• Ги споредува содржините на кратките жанри од народната литература, презентирајќи ги сличностите и разликите.<br>• Ги препознава и објаснува пораките и желбите во кратките жанри од народната литература.<br>• Ги наведува карактеристиките на хумористичните народни приказни.<br>• Раскажува анегдоти: народни анегдоти, анегдоти од својот живот и анегдоти што ги има слушнато или прочитано за некои познати личности. |
| **Епика во стих**<br><br>• Епски народни песни (епска нарација, епско повторување/епска широчина, композиција на епската поезија, ликови -јунаци, атрибути на јунаците, десетерец, стилски изразни средства - хипербола, апострофа, градација, рефрен) | • Ги наведува карактеристиките на епските народни песни.<br>• Ги пронаоѓа стилските изразни средства во епските песни и ја објаснува нивната употреба во конкретна песна. |

| | |
|---|---|
| **Лирика**<br><br>• Суштински структурни белези на поезијата (стих, строфа, лирски субјект, тема, мотив, поетска слика, видови рима: според распоредот во строфата).<br><br>• Анализа на лирските песни според мотивот и стилското изразување<br>(мотиви, хумористични песни, химна; стилски изразни средства: метафора, хипербола, апострофа, градација, рефрен) | • Ги препознава структурните белези на поезијата.<br>• Анализира структура на дадена лирска песна и го определува мотивот на песната.<br>• Го определува видот на римата според распоредот на стиховите во строфата.<br>• Ги идентификува поетските слики во дадена лирска песна и ги поткрепува со стихови од песната.<br>• Ги илустрира доживувањата на поетските слики преку различни средства.<br>• Одредува мотиви во лирски песни и ги класифицира песните според нив.<br>• Ги препознава хумористичните песни според мотивот и ги определува нивните карактеристични елементи.<br>• Препознава и именува стилски изразни средства (рима, метафора, апострофа, рефрен, хипербола, градација) во лирски песни.<br>• Го анализира мотивот и стилското изразување во текстот на државната химна. |
| **Епика во проза**<br><br>• Елементи на прозен текст<br>(редослед на настани, фабула, содржина, лик, идеја) | • Разликува фабула и сиже во дадено епско прозно дело.<br>• Разликува книжевен лик од личност.<br>• Ги наведува и ги објаснува  атрибутите на ликот во прозен литературен текст.<br>• Ја наведува улогата на ликот во прозен литературен текст.<br>• Пронаоѓа идеи во даден прозен литературен текст.<br>• Ја поврзува проблематиката на прозен литературен текст со стварноста преку наведување примери од секојдневниот живот. |
| **Научно-фантастичен роман**<br><br>• Лик, место, време и идеја во научно-фантастични романи | • Ги наведува карактеристиките на научно-фантастичниот роман по кој се разликува од другите видови роман.<br>• Ги открива и опишува елементите во даден научно-фантастичен роман (тема, ликови, содржина, време, простор, идеја). |
| **Драма**<br><br>• Карактеристики на драмски текст<br>(лица во драмата, дидаскалии, чин, сцена, слика, дијалог, монолог, лик, дејство). | • Ги наведува карактеристиките на драмите по кои се разликуваат од другите видови литературни дела.<br>• Ги препознава карактеристиките на драмскиот текст во дадено драмско дело. |

| | |
|---|---|
| **Изразување и творење**<br>• Раскажување и прераскажување: хронолошко и ретроспективно раскажување; прераскажување книга, настан, филм<br><br>• Опишување: книжевен лик (епски лик, лик во прозен текст); личност; опишување место според впечаток од книга, *фантастичен* предел од книга, замислено место/предел по сопствена фантазија<br><br>• Самостојно пишување текстови: композиција и должина на текст; пишување на зададена и непозната тема; пишување според мотиви и теми од литература; пишување по свој интерес; креативно пишување, пишување со факти, податоци, информации; практични текстови | • Разликува хронолошко од ретроспективно раскажување и наведува примери во/од дадени литературни текстови.<br>• Раскажува хронолошки и ретроспективно за измислен или доживеан настан.<br>• Прераскажува/раскажува прочитано литературно дело, посетен настан, гледан анимиран/игран филм.<br>• Опишува ликови – претставувајќи ги нивните атрибути и однесувања.<br>• Опишува личност од непосредната околина.<br>• Опишува место/предел што го видел/-а, за кое читал/-а или го замислува.<br>• Пишува текст на зададена тема и на непозната тема, почитувајќи ги правилата за композиција на текст и барана должина на текст.<br>• Пишува прозни и поетски творби според мотиви и теми од прочитани литературни текстови.<br>• Прави разлика меѓу текстови со уметничко изразување и текстови базирани на факти, податоци и информации.<br>• Составува кратки текстови во кои изразува мислење што го поткрепува со факти и податоци.<br>• Составува кратки упатства, технички описи и реклами.<br>• Креативно пишува состав на дадена тема или тема по избор со користење на уметнички изразни средства.<br>• Ги почитува изучените правописни правила при пишување текст. |

**Примери на активности:**

*(Примерите главно обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат како модел за креирање нови активнсоти за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Учениците слушаат легенда и предание кои се однесуваат на некои места или работи кои им се познати или се локални. Пр. Легендата за „Камените кукли во Куклица“, „Предание за Охридското Езеро“. По насочувачки прашања прават план за содржината ја дефинираат темата, ликовите и околностите во кој се одвиваат настаните. Завршната дискусија води кон дефинирање на преданијата и легендите како прозни фолклорни форми кои имаат наслаги од митот, имаат фантастична содржина, настани и ликови

и во нив на народен начин се претставува природата и појавите во неа. Низ техниката Венов дијаграм се претставуваат заедничките карактеристики како и разликите меѓу нив.

- Учениците се поделени во групи. Секоја група прави симулација на некој настан или свеченост, сите добиваат одредена улога: пр. Свадба: зет, невеста, мајка на невестата... и кум. Кумот треба да искаже здравица во чест на младенците. Групата ја пишува здравицата и еден од учениците, во улога на кумот ја чита. Други две групи ученици пишуваат благослови или желби за своите пријатели или членови на семејството. Тие можат да дизајнираат и декорираат персонализирани картички со нивните благослови или желби напишани внатре.Сите групи на крајот гледаат кратки снимени видеа со луѓе од албанска, турска, бошњачка, српска, ромска и влашка националност во кои наздравуваат, искажуваат благодарност со благослов. Ги запишуваат во тетратките и се обидуваат да ги изговорат.
- Учениците слушаат приказна во која еден од ликовите е Итар Пејо. Самостојно поставуваат прашања во врска со содржината откривајќи ги хумористичните карактеристики на приказната. Прашањата кои ги напишале ги поставуваат и одговараат во пар.
- Учениците со техниката Превртена училница имаат задача да најдат или да напишат анегдота од/за некоја позната личност. На часот ги читаат пронајдените анегдоти. Исто така, тие може да споделат и анегдота произлезена од нивното опкружување или семејство. На крајот на часот разговараат за неколку најважни карактеристики кои ги имаат анегдотите (интересн настан, досетливост на ликовите, непредвидливост на случувањето).
- Учениците читаат епска народна песна во која се опејува некој од херојските подвизи на Крал Марко, ја коментираат нејзината содржина, нејзините карактеристични елементи со помош на насочувачки прашања. На наставен лист ги добиваат стилски карактеристики на епската песна и истите се обидуваат да ги пронајдат низ стиховите. Сработеното се презентира пред целата паралелка.
- Учениците работат самостојно, читаат лирска песна. Наставникот поставува прашања за содржината на песната, се дискутираат конкретни стихови и се објаснува нивното значење како и поетските слики. Во согласност со дискусијата се прави план кој учениците самостојно го изработуваатт: видови стихови и строфи, тема, мотив. (При запишувањето на мотивите и идеите наставникот ги мотивира учениците да го запишуваат она што го разбрале и не инсистира одговорите да бидат на ниво на дефиниции). Напишаното се споделува пред паралелката и се прави заклучна дискусија за песната.
- Учениците самостојно читаат песна. Наставникот во неа има одбележано неколку клучни зборови. Од потенцираните зборови учениците го согледуваат мотивот/инспирацијата за песната. Потоа ја одредуваат римата според распоредот на стиховите во строфата: паралелна, вкрстена и обгрлена. Сработеното се споделува пред паралелката.
- Учениците работат самостојно, читаат поезија, а потоа ги визуелизираат стиховите: избираат поетска слика и создадаат визуелна претстава на нејзините стихови. Можат да цртаат или да создадат колаж за да го илустрираат секој стих посебно. Се охрабруваат да вклучат елементи што го одразуваат расположението во стиховите. Потоа учениците продолжуваат работат во пар. Кажуваат пет

збора поврзани со визуелната претстава, а потоа уште пет со кои ги римуваат. Од римуваните зборови творат строфа за која сами одлучуваат каде ќе ја поставаат римата. Читаат пред сите, истакнувајќи каков рима според местото во строфата употребиле.

- Учениците се делат во групи колку што има строфи од песната. Секоја група добива различни исечоци од весници. Од весниците треба да изберат илустрации кои ќе ги залепат на бел лист и ќе создадат колаж кој ќе биде репрезентација на строфата/поетската слика што ја имаат за илустрирање. Секоја група објаснува зошто ги избрале токму тие илустрации.
- Учениците работа во групи, добиваат по една строфа од песната која што ја работи цело одделение. Секоја група треба да создаде звук/избере мелодија која ја знаат и што ќе ја претставува строфата што ја имаат, поточно поетските слики од таа строфа.
- Учениците работат во групи. Секоја група добива песна со различен мотив, а задачата е на лист хартија да направат тематски приказ со зборови, искази, реченици, приказни, боја, што и да им паѓа на памет, но ќе биде поврзано со мотивот кој го добиле. Сработеното се презентира пред соучениците при што се објаснува кој е мотивот во песната која ја читале.
- Учениците читаат песни од описот на македонски поети кои пишуваат песни со хумористични мотиви(Владимир Мартиновски, Румена Бужаровска, Ванчо Полазаревски...). Ги бараат хумористичните елементи во песната и дискутираат за нив. Потоа прават споредба на хуморот употребен во хумористичната песна, анегдотата и хумористичните приказни. Заклучоците се запишуваат на таблата.
- Учениците ја слушаат химната на својата земја, а потоа добиваат на лист прашања и прават анализа на содржината.(Часот може да се интегрира со музичко образование и да се направи час на слушање музика во кој учениците ќе имаат можност да чујат химни на различни земји од светот.) На крајот учениците ја кажуваат химната напамет.
- Учениците се поделени во групи. Во групата имаат неколку различни задачи: да подредат животни според големината, од најмалото до најголемото (глушец, мачка, коза, коњ, слон, жирафа), да подредат зборови според бројот на буквите кои ги содржатда распоредат пет прашања според нивото на тежина поврзни со песната што ја работат на час или со некој расказ. Од активноста согледуваат дека задачата им е да ги наредат нештата како да се на скала. Потоа ја читаат песната „Ленка“ од Кочо Рацин и ја препознаваат стилската фигура градација која ја објаснуваат со конкретни стихови.
- Учениците добиваат готова информација за метафора - фигура што споредува две навидум неповрзани работи за да создаде живописна слика или разбирање и давајќи сосем ново значење на *обичното*. Потоа учениците се делат во групи. Секоја група добива листа на поими (на пр. љубов, среќа, страв, храброст). За секој поим треба да смислат најмалку три креативни и уникатни метафори за да го опишат избраниот предмет или концепт. Потоа ги читаат примерите и дискутираат за тоа како ја дискутираат метафората.
- Учениците замислуваат некоја личност од минатото или некоја позната личност со која немаат можност да зборуваат лично, а сакаат нешто да ја прашаат или да ѝ кажат. Обраќањата кон таа личност ги запишуваат во тетратка и потоа се читаат.Наставникот во дискусија активноста ја насочува кон дефинирање на поимот апострофа односно стилското изразно средство апострофа. Во натамошниот тек на активноста читаат песна со стилско изразно средство апсоторфа и прават анализа.

- Учениците, поделени во групи, избираат по една песна од македонски исполнувач и го запишуваат текстот на песната. Потоа, според насоки дадени од наставникот, го идентификуваат рефренот во песната и го презентираат пред другите. На часот се пуштаат познати македонски евергрини, учениците ги издвојуваат рефрените и преку отворена дискусија се заклучува за што се употребува рефренот.
- Учениците добиваат примери од типот: Сто години те немам видено; Доцниш цела вечност; Што влечеш 100 килограми на раце... и разговараат за нивното значење: колку вистина има во исказите и што истите значат. Го дефинираат поимот хипербола и потоа истиот го бараат во конкретни извадоци од песни (епски, посветени на силата на Марко Крале).
- Учениците се делат во 5 групи. Секоја група добива по една песна, задачата им е да направат нејзина анализа. Планот е напишан на таблата. Групите започнуваат да пишуваат, секоја со различна боја на пенкало (за да се разликуваат) на секои 5-6 минути наставничката вели СТОП и групата си ги менува песните и анализите, кои ги прави на лист хартија, со другата група. Тоа оди така 5 пати, додека анализата не се врати на почетната група. Потоа се читаат песните и анализите. Анализата се состои од пронаоѓање: мотив, строфа, поетски слики, лирски субјект и стилските изразни средства. Секоја од песните во себе содржи една од новоучените стилски изразни средства. Предлог песни: „Распукала Шар Планина (за градација), „Силата на Марко Крале“ (за хипербола), „Зајди, зајди јасно сонце“ (апострофа), „Македонско девојче китка шарена“ (рефрен), „Без јазик си никој и ништо“ (метафора).
- Учениците се поделени во групи и секоја група добива текст. Го читаат текстот и од него ги изделуваат настаните кои се раскажани.Ги запишуваат настаните на мали парчиња хартија. Ги подредуваат настаните според редоследот на авторот во текстот – сижето, а потоа ги подредуваат настаните според временскиот (логичниот) редослед на случување, од првиот до последниот и со тоа доаѓаат до фабулата на/за текстот. Групите ги презентираат задачите и доаѓаат до заклучоци за поимите сиже и фабула.
- Учениците работат индивидуално. Секој ученик треба да опише во 5-6 реченици некоја личност (маж или жена) од секојдневниот живот, по сопствен избор. Неколку ученици го презентираат тоа што го напишале. Потоа, секој ученик индивидуално треба да опише некој лик од литературно дело, кој не мора да е човек и може да биде животно, растение, измислено суштество. Неколку ученици го презентираат напишаното. Се дискутира за разликите помеѓу личност и лик. Потоа учениците поделени во групи, внесуваат во Т-табела, заклучоци за лик и личност преку кои се опишуваат овие поими.
- Учениците работат во групи. Секоја групи добива текст. Учениците го определуваат главниот лик во текстот и потоа ги пронаѓаат и ги запишуваат неговите особини (атрибути), притоа извлекувајќи заклучоци врз основа на неколку елементи на градење на атрибутите на ликот кои се запишани на таблата: 1. Што вели ликот самиот за себе?; 2. Што прави ликот и како постапува?; 3. Што велат другите ликови за него и како се однесуваат?; 4. Што вели нараторот за ликот?; 5. Какви описи за ликот има во текстот?
- Учениците по читање на текст во кој се обработуваат конкретни теми и мотиви (другарство, љубомора, завист, тага...) дискутираат за исти или слични настани и чувства како и за моментите кои ги поврзуваат со текстот, од една страна како и со животните ситуации во кои се нашле, од друга страна. Од текстот го издвојуваат главниот лик, определуваат што тој лик сака да постигне и што посакува, а потоа одредуваат кои од ликовите се помошници или пак противници за тој лик да дојде до посакуваното.

- Учениците работат индивидуално. Секој ученик пополнува Дневник со двоен запис кој е поделен во две колони. Во првата колона се прашања, примери, цитати подготвени од наставникот, а се однесуваат на темата, ликовите, содржината, времето, просторот, идејата итн. во даден научно-фантастичен роман, а во втората колона пополнува ученикот давајќи одговори, коментари, заклучоци.
- Учениците работат индивидуално. Секој ученик треба да раскаже што му се случило во тековниот ден, по временски редослед - од утрото до моментот на раскажување. Потоа раскажуваат настани од својот живот по сеќавање. Учениците можат да донесат и фотографии од својот албум (на различна возраст) кои ќе бидат измешани и по нив ќе раскажуваат, а потоа да ги подредат според редоследот на случување. Се дискутира за поимите хронолошко и ретроспективно раскажување, а потоа учениците во пар изработуваат Венов дијаграм споредувајќи ги овие поими. Учениците во групи, во различни текстови откриваат и наведуваат примери за хронолошко и ретроспективно раскажување.
- Учениците со техниката Стоп движење (stop motion) на училиштните таблети, каде што е инсталирана апликацијата (Stop motion animation movie) креираат анимирани видеа во групи. Претходно групите создаваат приказна и подготвуваат материјали за изработка на видеото. Откако видеото ќе биде изработено го претставуваат пред групата и некој ја раскажува приказната. Истата приказна потоа ја прераскажуваат индивидуално.
- Учениците работат самостојно, раскажуваат посетен настан во заедницата (културен, спортски, хуманитарен) почитувајќи ги правилата за композиција на текст како и соодветно предложена должина.
- Учениците добиваат задача да опишат епски лик, ликот на Крале Марко во епските песни. Пред почетокот на пишување, наставникот дава насоки да се прочита песната со овој лик која ја обработувале и да се обрне внимание на описот кој се однесува на него како и на неговите реплики и однесувања. Во согласност со тоа го пишуваат текстот внесувајќи и цитати. На крајот се пишува какво влијание има посочената личност врз оној кој пишува.
- Учениците се потсетуваат на последната лектира. Се сеќаваат на одреден предел или место кое им оставило особен впечаток. Го опишуваат и напишаното го читаат во училница. (Наставникот може да подготви цитати и да ги постави на умната табла за потсетување и мотивација).
- Учениците влечат едно ливче од стаклен сад во кој се ставени повеќе теми за избор. Секој ученик кажува по еден збор кој прв ќе му падне напамет за избраната тема и тој се запишува на табла. Потоа учениците треба да напишат писмен состав на тема по избор, така што ќе ги употребат и поврзат сите зборови од таблата во една логичка и смисловна целина. При пишувањето на учениците треба да го почитуваат правилото за композиција на текст (воведе, главен и завршен дел) и да се држат до опсегот од 150 – 170 збора.
- Учениците работат индивидуално. Секој ученик интерпретира и презентира литературен текст кој му оставил најсилен впечаток. Објаснува сопствено доживување на прочитаното користејќи различни асоцијации на пр. боја, мирис, вкус, звук (На пр. На која боја го асоцира текстот и зошто? Какви мириси поттикнува кај него? Дали може да го поврзе со одреден вкус? Изнесува позитивен или

негативен став за содржината, за некој лик или дел од текстот и дава објаснување како го изведува својот став. Останатите ученици учествуваат во дискусијата и искажуваат свои мислења.

- Учениците раскажуваат според претходно зададен план и насоки на таблата во склад со темата која е избрана. Раскажувањето се одвива низ игра со топче. На пример, првиот ученик кој го има топчето, започнува да раскажува со една до две реченици. Потоа го подава топчето кај друг ученик и тој продолжува со раскажувањето со една до две реченици. Топчето оди кај сите ученици од паралелката, а секој ученик мора да ја продолжува приказната додека не се стигне до последниот кој ќе ја заокружи. Раскажаната приказна потоа се запишува и поставува како краен продукт од креативната активност.
- На часот учениците носат упатства од лекови, апарати, игри и сл. Наставничката избира неколку различни упатства и ги дели учениците по групи. Секој група треба да го прочита текстот и да ги најде непознатите зборови. Потоа се изделува некој дел од упатството (ако е големо) и се чита пред одделението. Се дискутира за стилот на пишување и за информациите што можат да се изделат од него. Секој од учениците во тетратката ги изделуваат информациите од текстот и потоа ги читаат. Во вториот дел од часот учениците во група пишуваат упатство за нешто за што ќе се договорат во училиштето.

**Подрачје:** ***МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ***
**Вкупно часови: 15**

**Резултати од учењето**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:

1. да идентификува и да објаснува дезинформации и манипулации во медиумскиот простор;
2. да идентификува ризици при комуникација на социјалните мрежи;
3. да ги согледува последиците од влијанието на социјалните мрежи врз формирање слика за телото;
4. да прави едноставна анализа на медиумските содржини.

Ученикот/ученичката ќе развива свесност за:

5. последиците од ширење дезинформации и користење манипулации во медиумите;
6. потенцијалната опасност на социјалните медиуми по безбедноста и добросостојбата на младите.

| Содржини (и поими) | Стандарди за оценување |
|---|---|
| • Дезинформации и манипулации (погрешни информации/мисинформации, дезинформации и штетни информации/малинформации; визуелни дезинформации, емоционална манипулација) | • Ги објаснува различните типови манипулативни информации што се објавуваат во медиумскиот простор.<br>• Посочува примери на манипулација со визуелни содржини.<br>• Објаснува преку пример како визуелните содржини се користат за емоционална манипулација. |
| • Опасности на социјалните мрежи (заштита на лични податоци, скриено рекламирање, лажен профил, бот) | • Објаснува начини за заштита на личните податоци онлајн.<br>• Препознава скриено рекламирање во различни медиумски содржини.<br>• Објаснува како се препознава лажен профил на социјална мрежа.<br>• Наведува карактеристики на ботови.<br>• Ги идентификува најчестите знаци за лажни профили и ботови на социјалните мрежи. |
| • Социјалните медиуми и слика за телото | • Објаснува, преку примери, како претставувањето на машкото и на женското тело на социјалните медиуми влијае врз формирање слика за телото.<br>• Објаснува како сликата за „идеалното“ тело претставена преку медиумите влијае врз самодовербата и добросостојбата на младите.<br>• Наведува стратегии за справување со притисокот што го прават медиумите во врска со сликата за телото. |
| • Медиумски содржини за информирање и за убедување (медиумско известување, мислење, реклама, социјално рекламирање, односи со јавност, пропаганда)<br>• Анализа на медиумски содржини (компоненти на медиумска содржина, цел | • Идентификува медиумски содржини наменети за информирање (медиумско известување).<br>• Прави разлика помеѓу различни видови медиумски содржини наменети за убедување (мислење, реклама, социјално рекламирање, односи со јавност, пропаганда).<br>• Открива кој ја создал медиумската содржина и со каква цел. |

| | |
|---|---|
| на медиумска порака, техники за привлекување внимание) | • Ги објаснува компонентите на медиумската содржина (зборови, музика, бои, движења, агол на снимање и сл.) и како тие придонесуваат да се постигне целта на медиумската порака.<br>• Идентификува кои техники за привлекување на вниманието се употребени во медиумската содржина.<br>• Објаснува преку примери како верувањата, интересите и искуствата на луѓето влијаат врз толкувањето на медиумската содржина.<br>• Препознава кои вредности и гледишта се претставени во дадена медиумска порака, а кои се изоставени.<br>• Препознава пропагандни и манипулативни содржини во медиумските пораки. |

**Примери на активности:**

*(Примерите главно обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат како модел за креирање нови активнсоти за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Учениците се поделени во групи, секоја група добива по еден текст подготвен од наставникот. Во текстовите има дезинформација, во едниот малинформација, во другиот мисинформација. Учениците на табла имаат објаснување за поимите дезинформација, малинформација и мисинформација и истите треба да ги препознаат во конкретните примери, дали се и зошто се дезинформации. Заклучоците од читањето и анализата на текстовите секоја група ги споделува пред одделението. По презентациите следи заедничка дискусија за да се заклучат основните информации за мисинформација и за малинформација. (Пример за мисинформација - текст во кој се посочува на веќе реализирана екскурзија и се посочува локацијата и времето во кое се случила и истата е поставена од новинарската секција во училиштето на училишниот сајт. Информацијата не содржи точни информации во врска со местото или времето, но нема лоша намера во нејзиното публикување. Пример за малинформација, во училишниот весник е објавена фотографија од капитенот на фудбалскиот тим на училиштето како пуши цигара во дворот на училиштето. Информацијата го урива угледот на капитенот и нема значење за јавноста.)
- Учениците поделени во групи добиваат задача да пронајдат манипулација со визуелна содржина на сајтови посочени од наставникот (на пример, текст за кучиња скитници проследен со фотографии на кои се претставени луѓе со рани за кои не се

гледа дека се предизвикани од каснување, со цел да се претстават кучињата како опасни по безбедниоста на луѓето). Потоа се води дискусија преку прашањата: Зошто е објавена оваа информација? Кој стои зад оваа информација? Што се сака да се предизвика кај оној што ја прима информацијата? На крајот се заклучува дека преку визуелните содржини може лесно да се манипулира – да се предизвикаат емоционални реакции во јавноста за да се постигне некоја „скриена“ цел.

- Наставникот објаснува дека личните податоци не треба да се споделуваат со секого кога се комуницира онлајн исто како и во релноста – треба да бидат заштитени и недостапни за сите освен за оние во кои имаме доверба дека нема да ги злоупотребат. Потоа, преку бура на иде, учениците наведуваат што мислат дека се подразбира под лични податоци (на пример, име, возраст, адреса, училиште, телефонски број), а потоа дискутираат: (1) зошто е важно личните податоци да се заштитат и (2) како да се заштитат. Преку дискусијата се изведуваат некои основни правила за приватност на интернет, како што се несподелување лични информации со непознати, необјавување чувствителни информации на интернет и несподелување лозинки. Во текот на дискусијата наставникот ја нагласува важноста на отворената комуникација со родителите/старателите или друго возрасно лице од доверба за нивните онлајн искуства, особеко кога се работи за било какви грижи или инциденти во онлајн комуникацијата. На крајот, учениците, поделени во групи, дискутираат за тоа како самите конкретно би постапиле во различни онлајн ситуации за да ги заштитат своите податоци и решенијата ги споделуваат со сите.
- Наставникот презентира видео во кое некој инфлуенсер зборува за тоа како некој производ му помогнал да згледа убаво. Во отворена дискусија со учениците, преку прашања што ги поставува наставникот, учениците откриваат скриемата рркламна порака (навидум изгледа дека инфлуенсерот зборува за неговите искуства, а всушност, го рекламира производот). Учениците се делат во групи со задача на интернет да најдат и други слични примери на ситуации со скриено рекламирање и тие ги презентираат пред другите. Потоа, наставникот презентира инсерт од спортски натпревар со врвни спортисти (пр. тениски меч), а во дисусија учениците откриваат какво скриен рекламирање е присутно (пр., преку облеката, патиките, реквизитите, пијалоците), по што, во истите групи, пронаоѓаат слични примери на интернет и ги презентираат пред другите. На крајот се води дискусија во која се заклучува дека многу често рекламите не се очигледни, туку се маскирани во другите содржини што го отежнува нивното препознавање, а влијае врз конзумирањето на рекламираните производи.
- Наставникот објаснува дека на интернет и социјалните мрежи, освен вистински профили (креирани и водени од вистински личности) се среќаваат и лажни профили (не припаѓаат на вистински личности и се создадени за измамнички цели). Потоа им презентира на учениците пример на вистински профил на социјалните мрежи, како што е добро позната славна личност, и поведува дискусија за тоа како може да се препознае како дадениот профил е вистински (преку знаци како: лични фотографии, детални лични информации и различни активности во различни ситуации). Потоа, наставникот презентира пример на лажен

профил и ги посочува знаците кои укажуваат дека профилот е лажен (недостасусаваат фотографии на лица, наместо фотографии на лица се користат симболи или фотографии на нешто друго, недостасуваат лични информации, има недоследност во содржината и времескиот редослед на објавите и информациите). Потоа, наставникот презентира серија профили на социјалните мрежи и по секој презентиран профил, учениците, поделени во групи, утврдуваат дали се работи за вистински или лажен и ги посочуваат знаците преку кои го направиле препознавањето. На крајот, се дискутира зошто служат лажните профили (пр. задржување анонимност, прикриено собирање информации, намамување луѓе, насамарување други, сајбер булинг) и како може да се провери вистинитоста на даден профил во услови кога знаците за препознавање не се толку очигледни (пр., потврдување на идентитетот преку други платформи, инсистирањето на барање за пријателство).

- Наставникот објаснува што се ботови (софтвер што автоматски извршува задачи на интернет) и презентира ботови на социјални мрежи кои можат автоматски да објавуваат, да лајкаат, или да следат корисници, но и вештачки да го зголемуваат бројот на следбеници, да шират лажни вести или да влијаат на јавното мислење. Од учениците, поделени во групи, се бара да дадат истражат и најдат конкретни примери кога ботовите имаат корисни цели (како на пр., „чет-ботови“ што даваат информации на корисниците), а кога злонамерни/измамнички (како на пр., ботови за ширење лажни вести). Откако сите групи ќе го споделат сработеното, во отворена дискусија се констатира како се препознаваат ботовите (преку лажна профилна слика, нереален број следбеници наспроти бројот на активности, објави со лажни содржини, нелогични коментари, споделување реклами).
- Учениците, поделени во групи, добиваат задача да најдат реклами со фотографии на мажи и/или жени (на интернет, на телевизија, во списанија, на паноа и сл.) и да ги идентификуваат заедничките надворешни карактеристики на жените, односно мажите претставени во рекламите. По презентирање на работата на групите, се води отворена дискусија по прашањата (посебно за машките и посебно за женските ликови): *Кои карактеристики најчесто се повторуваат? На која возраст се најчесто ликовите? Какви пораки праќаат во однос на физичкиот изглед? Какви стереотипи за совшеноста на машкото и женското тело креираат?* со цел да се заклучи дека ликовите во рекламите (најчесто со совршени тела, ретуширани слики и филтри, со сексипилен изглед и во сексипилни пози) претставуваат идеали за убавина што не одговараат на разновидноста на облиците на машкото и жнското тело во реалноста и се недостижни за многу луѓе. Потоа се дискутира за: (1) важноста на телесниот изглед (*Колку им е важен надворешниот изглед на младите? Зошто?*) и (2) како создадената идеална слика за машкото и женското тело се одразува на постовите што младите ги објавуваат на социјалните мрежи (*Какви слики најчесто објавуваат младите? Какви им се позите, активностите на постираните слики?*) и заеднички се заклучува дека идеалната слика за машкото и женското тело што ја креираат медиумите влијае врз формирањето на сликата за телото.
- Учениците, поделени во групи, истражат различни профили на социјални медиуми (Инстаграм, Фејсбук, Твитер итн.) на познати личности од естрадата од аспект на тоа како ги промовираат идеалите за машкото и женското тело, при што ги земаат предвид сликите, насловите и коментарите на објавите. Потоа, секоја група подготвува презентација со примери кои илустрираат какви

мисли, чувства и постапки предизвикува кај младите прикажаниот идеален телесен изглед. По презентација на сработеното, во отворена дискусија учениците ги споделат своите забелешки, идеи и размислувања за тоа како идеалите за телото на социјалните медиуми влијаат врз самодовербата и добросостојбата на младите (*Што преземаат младите за да имаат исто тело како идеалното? Дали сите такви постапки се сметаат за здрави? Како се чувствуваат тие што немаат тело како идеалното? Што мислат другите за нив и како реагираат на нив?*) за да се заклучи дека негативна слика за сопственото тело кај младите може да предизвика чувство на несигурност, разочарување во себе, повлекување во себе, па дури и депресивност. Потоа, учениците, во рамки на истите групи, истражуваат за различни стратегии за справување со притисокот што го прават медиумите во врска со сликата за телото и подготвуваат колажи (со слики, цитати, и пораки за поддршка) што ги претставуваат нивните идеи за здрава самодоверба и добросостојба. Прво го презентираат колажите пред соучениците, а потоа ги ставаат на изложба (на ѕидот на училницата или во хол/ходник на училиштето).

- Учениците, поделени во групи, добиваат по шест листа со отпечатени медиумски содржини (симнати од интернет), наменети за информирање (вести), за претставување на нечие мислење, за рекламирање, за социјално рекламирање (како да се однесувате), за односи со јавност и за пропаганда. Наставникот на табла ги пишува видовите медиумски содржини и бара од учениците преку дискусија во рамки на групите да го определат видот на дадените содржини. Потоа, наставникот го чита насловот на секоја содржина, а групите кажуваат во кој вид ја сместиле секоја од шесте содржини. Наставникот на таблата под насловот на секоја содржина означува како одговорила секоја група. Преку куса презентација им ги објаснува на учениците видовите на медиумски содржини. На крајот, во отворена дискусија, со помош на прашањата поставени од наставникот (*Дали во содржината се користат факти или мислења? Кој ја создал медиумската содржина? Со каква цел е напишана/создадена? Какви емоции предизвикува?*) учениците ја согледуваат разликата меѓу медиумски содржини за информирање (медиумско известување) и медумски содржини за убедување (мислење, реклама, социјално рекламирање, односи со јавност и пропаганда).
- Наставникот им ги презентира на учениците компонентите на медиумската содржина и им објаснува како тие придонесуваат да се постигне целта на медиумската содржина, односно на пораката којашто се праќа со дадената содржина. Потоа, пушта видео со реклама (на пр. реклама за познат пијалок) со задача учениците, поделени во групи, да ја анализираат медимската содржина врз основа на следните аспекти:
    1) авторство – Кој ја создал содржината?;
    2) формат – Кои креативни техники се користени за да се создаде содржината и да се привлече внимание?;

3) публика – Кому му е намената содржината?; Како содржината ја толкува и доживува различна публика?;
4) содржина – Кои ставови/вредности се преставени во медимската содржина?;
5) намена – За која намена е создадена содржината?.

Потоа, секоја група го презентира сработеното и се споредуваат одговорите. Истата активност се повторува но наместо реклама, на учениците им се дава да анализираат текстуална медиумска содржина (на пр., колумна во весник).

- На учениците им се презентира реклама за производ за слабеење во кој се тврди дека им помага на луѓето брзо и лесно да ослабат, со вложување минимален напор. Рекламата треба да содржи фотографии пред и потоа преку кои ја „докажуваат“наводната ефективност на производот и препораки од луѓе кои тврдат дека имале исклучителни резултати со користење на производот. Од учениците, поделени во групи се бара да ја анализираат медиумската содржина (авторство, формат, публика, содржина, намена), со посебен осврт на прашањата: (1) *Каква е целта на фотографиите? Како може тие да се направат?* (2) *Колку реални се ветувањата што ги дава рекламата? Колку може да им се верува на сведоштвата?* (3) *Колку се едностано прикажани ефектите од производот? Дали се дадени вистински научни докази кои ги потврдуваат ефектите?*. По презентација на сработеното од страна на сите групи, се дискутира за тоа како, преку присуството на еднострани ставови, може да препознаат пропагандни и манипулативни содржини во медиумските пораки.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни методички приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на

дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да се овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот треба да направи согледување на претходните искуства, знаења и вештини на учениците, континуирано да ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и да прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;
- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;
- домашните задачи;
- контролните вежби и одговорите на квизови (куси тестови) што се дел од поучувањето;
- изработката на проекти;
- изработките/изведбите за време на часот (на пример, пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови, граматички анализи на текст, прикази, шеми, илустрации, презентации и сл.);

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива сумативна оценка на постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење (објективен и/или есејски) со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. На крајот од учебната година ученикот добива бројчана сумативна оценка.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2024/2025 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Македонски јазик* за VII одделение.** | бр. 12-12122/9<br>8.11.2023 година<br><br>Министер за образование и наука,<br>Doc. Dr. Jeton Shaqiri, с.р.<br><br>______________________________ |